# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 19.6.2020 година<br>Скопје<br>Број 13 год. XV | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јуни, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Решение за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, со Решение за објавување .................................... 1 - 2

- Решение за измена на Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, со Решение за објавување ................... 3 - 4

- Решение за измена на Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина, со Решение за објавување ............................................. 5 - 6

- Решение за дополнување на Решението за избор на претседател и Членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, со Решение за објавување ........................................ 7 - 8

- Решение за измена на Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за култура, со Решение за објавување ........................ 9 - 10

- Решение за измена на решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 11 - 12

- Одлука за формирање Комисија за креирање општинска Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество во образованието во основните училишта во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 13 - 15

- Одлука за основање Совет за социјална заштита на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................... 16 - 18

- Заклучок за прифаќање на Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта, со Решение за објавување ........................................................ 19 - 20

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/105 од 3.6.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ......................................................... 21 - 22

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/108 од 4.6.2020 година за пренамена на финансиски средства од финансискиот план на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................ 23 - 24

- Одлука за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година, со Решение за објавување ........................................................ 25 - 27

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/3
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања**

1. Во Решението бр. 08-4570/2 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на местото на членот Зоран Поповски за нов член на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања

   се избира Петар Милетиќ.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/2
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/5
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам**

1. Во Решението 08-4672/6 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за урбанизам на местото на членот Петар Милетиќ за нов член на Комисијата за урбанизам

   се избира Оливер Тоновски.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/4
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/7
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина**

1. Во Решението 08-4672/10 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина на местото на членот Јулијана Димески за нов член на Комисијата за комунални работи и заштита на животната средина

   се избира Петар Милетиќ.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/6
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/9
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца,**

1. Во Решението 08-4672/16 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на местото на членот Петар Милетиќ за нов член на Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца

   се избира Ѓошо Вангелов.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/8
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за култура**

Се објавува Решението за измена на Решението за избор на претседател и на членови на Комисијата за култура,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/11
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за избор на претседател**
**и на членови на Комисијата за култура**

1. Во Решението бр. 08-4672/22 од 15.11.2017 година за избор на претседател и на членови на Комисијата за култура на местото на членот Петар Милетиќ за нов член на Комисијата за култура

   се избира Снежана Чупеска.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/10
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за измена на Решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/13
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за именување командант на Штабот за заштита и спасување на**

1. Во Решението бр. 08-4820/30 од 30.11.2017 година за именување командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје на местото на членот Петар Милетиќ за нов командант на Штабот за заштита и спасување на Општина Центар-Скопје

се избира Ѓошо Вангелов.

2. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2628/12
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање Комисија за креирање општинска Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество во образованието во основните училишта во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за формирање Комисија за креирање општинска Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество во образованието во основните училишта во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/15
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ на РМ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Комисија за креирање општинска Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество во образованието во основните училишта во Општина Центар-Скопје

### Член 1
Со цел унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието, планирање, поддршка, реализација и следење на активностите за меѓуетничка кохезија и младински иницијативи во основните училишта во Општина Центар-Скопје, како и изработка на Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество во образованието, се формира Комисија во состав:

- Јагода Јанковска, претставник од Секторот за јавни дејности;
- Ема Зафирова, претставник од Одделението за образование;
- Анастазија Бабуловска, претставник од Секторот за локален економски развој;
- Ружа Пачаџиева, претставник од Советот на Општина Центар-Скопје - член на Комисијата за образование ;
- Јулијана Димески, претставник од Советот на Општина Центар-Скопје - член на Комисијата за образование;
- Филип Стојковиќ, претставник од Тимот за МИО од ООУ „Коле Неделковски“ и
- Соња Кирковска, претставник од Тимот за МИО од ООУ „Св. Кирил и Методиј“.

### Член 2
Комисијата има задача да изработи Стратегија на Општина Центар-Скопје за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество, како и Акциски план на Стратегијата, врз кој ќе се темелат акциските планови на основните училишта во Општината. Едновремено Комисијата ќе работи на обезбедување финансиска и логистичка поддршка, учество во реализацијата и во следењето на МИО активностите и младинските иницијативи во училиштата, информирање на јавноста, изработка на годишни извештаи од имплементацијата на планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрираното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје и доставување збирни извештаи до Градоначалникот и до Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Мандатот на членовите на Комисијата ќе трае четири (4) години.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/14
18.6.2020 година
Скопје

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за**
**основање Совет за социјална заштита на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за основање Совет за социјална заштита на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/17
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 142 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ" бр. 104/19; 146/19 и 275/19) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за основање Совет за социјална заштита на**
**Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се основа Совет за социјална заштита на Општина Центар-Скопје во следниов состав:

- Марија Трпчевска Блажевска - претставник од ООУ „Коле Неделковски",
- Игор Стојановски - претставник од Полициска станица од општа надлежност „Центар",
- Душко Христов - претставник од Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашните Храна за сите-БЏМ Скопје,
- Сејфула Бектеши - претставник од Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашните Храна за сите-БЏМ Скопје,
- Сашко Јованов - претставник од Здружение за поддршка и развој Хуманост Скопје,
- Марија Стојчевска - претставник од ЈУДГОЦ „13 Ноември",
- Наум Јамовски - ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје,
- Стојан Станиславски - ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје,
- Бобан Јанкоски - вработен во општинската администрација.

**Член 2**

Советот за социјална заштита на Општина Центар-Скопје изготвува социјален план за подрачјето на Општината, врз чија основа Градоначалникот ја изготвува годишната Програма за социјална заштита што ја донесува Советот на Општината.

**Член 3**

Основна цел на Советот за социјална заштита на Општина Центар-Скопје е развивање на социјалната заштита на територија на Општина Центар-Скопје со преземање активности во насока на развивање на социјалните услуги, пред сѐ, во домот на корисникот и во заедницата, во согласност со специфичните потреби на лицата во социјален ризик, а заради обезбедување соодветна помош, поддршка и социјално вклучување.

**Член 4**

Членовите на Советот за социјална заштита на Општина Центар-Скопје избираат претседател на Советот.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/16
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/19
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, расправаше по Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**прифаќање на Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта**

1. Се прифаќа Известувањето за упис на ученици во прво одделение во општинските основни училишта.

2. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2628/18
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/105 од 3.6.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/105 од 3.6.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/21
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15 и 9/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/105 од 3.6.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/105 од 3.6.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период јануари-март 2020 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2628/20
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/108 од 4.6.2020 година за пренамена на финансиски средства од финансискиот план на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/108 од 4.6.2020 година за пренамена на финансиски средства од финансискиот план на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/23
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15 и 9/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/108 од 4.6.2020 година за пренамена на финансиски средства од финансискиот план на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/108 од 4.6.2020 година за пренамена на финансиски средства од финансискиот план на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2628/22
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за прераспределба на средствата во Буџетот на**
**Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година.

Бр. 09-2628/25
18.6.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со членовите 33 и 34 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16) и Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 79/20), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 18.6.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2020 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши прераспределба на средства во Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2020 година и тоа на следниот начин:

| **Потпрограма**<br>**Потставка** | **Назив на потпрограма**<br>**Назив на потставка** | **Буџет** |
|---|---|---|

**Се намалуваат расходите на следните потставки:**

**НА0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | | |
|---|---|---|
| **481** | **Градежни објекти** | |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | -4.300.000,00 ден. |

**А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **452** | **Каматни плаќања кон домашни кредитори** | |
| 452410 | Камата на кредити | - 400.000,00 ден. |

**Истите да бидат пренаменети на следните потставки:**

**Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| **427** | **Привремени вработувања** | |
| 427110 | Привремени вработувања | 4.300.000,00 ден. |
| **425** | **Договорни услуги** | |
| 425310 | Правни услуги | 400.000,00 ден. |

## Член 2

Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2020 година.

Бр. 08-2628/24
18.6.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.